# З А П И С Н И К

од четиринаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Четиринаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 21.11.2017 година, со почеток во 16:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Гордана Клинчарова, претседател,
2. Славе Веловски, член;
3. Петар Есмеров, член
4. Горан Велинов, член
5. Дешира Имери, член,
6. Сашо Димитријоски- Директор на Агенцијата
7. Бојана Стефановска- Советник на Директорот за правни работи- во својство на записничар,

На состанокот се работеше по предложениот дневниот ред:

1. Усвојување на Записникот од тринаесетиот состанок на Комисијата одржан на 02.11.2017 и усвојување на предлог дневниот ред за четиринаесетиот состанок за 2017 година на Комисијата на АЕК;

   Записникот од тринаесетиот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен, како и дневниот ред.

2. Барање на согласност за јавна набавка на софистицирана мерна опрема за мерење на параметри за квалитет;

   На прашање на членовите на комисијата зошто се набавува ваква опрема и која е нејзината цел, од страна на Директорот се даде образложение дека е потребна ваква нова опрема согласно промените во технологијата која многу брзо застарува, а со цел да ги следиме операторите, по што Комисијата даде согласност за јавна набавка на софистицирана мерна опрема за мерење на параметри за квалитет имајќи во предвид дека истата е предвидена во планот за јавни набавки.

3. Усвојување на измени и дополнувања на Годишна програма на АЕК за 2017 година – измени и дополнувања на Годишен финансиски план на АЕК за 2017 година по спроведена јавна расправа;

   Откако беше презентиран Заклучокот од Државната изборна комисија број 11-2785/1 од 14.11.2017 година со кој се сметаат за завршени Локалните избори 2017 година за избор на членови на советите на општините и советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје, па како нема пречки за измени и дополнувања на Годишна програма на АЕК за 2017 година, по завршениот законски рок за јавна расправа, комисијата на Агенцијата ги усвои предложените измени и дополнувања.

4. Барање согласност за измена на Годишниот план за јавни набавки за 2017 година;

   Имајќи во предвид дека има потреба од промена на проценетата вредност за јавната набавка за адаптивно одржување на системот за управување (планирање) на радиофреквенцискиот спектар со цел да се изврши

предвидената набавка согласно планот за јавни набавки, членовите на комисијата даде согласност за измена на планот.

5. Барање согласност за јавна набавка на адаптивно одржување на системот за управување (планирање) на радиофреквенцискиот спектар;

   Согласно добиената согласност за промена на проценетата вредност комисијата даде согласност за спроведување на јавна набавка на адаптивно одржување на системот за управување (планирање) на радиофреквенцискиот спектар предвидена во планот за јавни набавки;

6. Предлог за отпис на побарување–годишен надоместок за користење на радиофреквенции, годишен надоместок за користење на скратен број;
   Откако беше објасната потребата од отпис на побарувањата за одредени оператори односно корисници на радиофрекфенции по различни основи, а како истите повеќе не постојат како регистрирани субјекти кои вршат одредени дејности во Централниот регистар на Република Македонија, и по истите наплатата не може да се оствари, комисијата даде согласнот за овој предлог.
7. Барање согласност за усвојување на годишен план за вработување;

   Согласно законските обврски комисијата даде согласност за усвојување на годишниот план за вработување.

8. Разно.

   Немаше дискусија по оваа точка.

   Состанокот заврши на 21.11.2017 во 17:45 часот.

**Гордана Клинчарова, член** __________________

**Славе Веловски, член** ______________________

**Петар Есмеров, член**________________________

**Горан Велинов, член**________________________

**Дешира Имери, член** ________________________

Наш број ____________

Скопје ______________

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk